Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр. 02-166/18
29.01 2024
Скопје

Врз основа на член 4 став 3, член 8 став 2 и член 9 алинеи 2 и 8 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10) Судскиот буџетски совет на седницата одржана на ден 29.01.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ГРУПНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Судскиот буџетски совет донесува одлука за спроведување на групни јавни набавки во 2024 година, во рамките на судската власт.

2. Судскиот совет на РСМ спроведува групни јавни набавки на услуги за:
   - мобилна телефонија
   - интернет.

3. Групни јавни набавки на набавка на хартија ќе бидат спроведени од:
   - Апелациониот суд Битола за основните судови со основна и проширена надлежност на неговото подрачје;
   - Апелациониот суд Гостивар за основните судови со основа и проширена надлежност на неговото подрачје;
   - Апелациониот суд Скопје за основните судови со основа и проширена надлежност на неговото подрачје;
   - Апелациониот суд Штип за основните судови со основа и проширена надлежност на неговото подрачје.

4. Сите единки корисници на судската власт треба во своите Годишни планови за јавни набавки да ги предвидат горенаведените групни јавни набавки.

5. Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

Весна Дамева